СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен **-излегува по потреба**	**Вторник 09.08.2016 година** **Бр.10 Год.51** **Ресен**	**Уредува** **Стручна служба** **Тел. 047/551-483**

АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

1.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за давање парична помош на настраданите
од поплавите во Република Македонија

Се прогласува Одлуката за давање парична помош на настраданите од поплавите во Република Македонија, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 08.08.2016 година.

Бр.09-1852/1 Градоначалник
09.08.2016 година д-р Ѓоко Стрезовски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“бр.07/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015), Советот на Општина Ресен на вонредна седницата одржана на 08.08.2016 година, донесе

ОДЛУКА
за давање парична помош на настраданите од поплавите
во Република Македонија

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства - парична помош на настраданите од поплавите во Република Македонија во износ до 100.000,оо ден.

Одобрените парични средства во Буџетот на Општина Ресен, за отстранување од елементарни непогоди- поплави, предвидени се Програма АО Совет на Општина Ресен, категорија на расходи 41- резерви и недефинирани расходи ставка 412 постојана резерва- непредвидливи расходи потставка 412110 постојана резерва- непредвидливи расходи.

Наведената парична помош да се трансферира на сметката на Фондот на Солидарност.

Член 2

Одлука да ја спроведе Секторот за финасиски прашања на Општина Ресен.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1844/2
08.08.2016 година
Ресен

Претседател
Методија Пашковски с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за давање парична помош на настраданите од поплавите во Република Македонија.....стр. 1